**ОПШТИНА ПРИЛЕП**
**Локална самоуправа-**
**Одделение за урбанизам и заштита на животната средина**

Врз основа на чл. 65 став (6) од Законот за животна средина (Сл. весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 124/12, 93/13 и 187/13, 42/14, 44/15,129/15,192/15, 39/16, 28/18, 65/18 и 99/18), Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За проектно-планската документ **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН Е1.1 СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ (сообраќаен пристап од постоен катастарски пат) Е1.8 ВОДОВИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА (10(20)kv кабелски вод и ТС 250Kva) КО Плетвар Општина Прилеп**, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплментација на проектно-планскиот документ **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН Е1.1 СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ (сообраќаен пристап од постоен катастарски пат) Е1.8 ВОДОВИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА (10(20)kv кабелски вод и ТС 250Kva) КО Плетвар Општина Прилеп** се определуваат селдните: министерство за животна средина и просторно планирање и Општина Прилеп.

3. За проектно-планската документ **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН Е1.1 СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ (сообраќаен пристап од постоен катастарски пат) Е1.8 ВОДОВИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА (10(20)kv кабелски вод и ТС 250Kva) КО Плетвар Општина Прилеп** донесувањето на планскиот документ ќе нема влијание врз животната средина.

4. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Прилеп, http://www.prilep.gov.mk.

5. Против оваа Одлука може да се поднесе жалба преку овој орган до Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вржење на работите од областа на заштита на животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната.

Бр. 08-1149/1

14.04.2022 год

**Прилеп**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Борче Јовчески**

Република Северна Македонија Градоначалник Општина Прилеп

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН Е1.1 СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ (сообраќаен пристап од постоен катастарски пат) Е1.8 ВОДОВИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА (10(20)kv кабелски вод и ТС 250Kva) КО Плетвар Општина Прилеп |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | Општина Прилеп |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Совет на Општина Прилеп |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Марјан Шукуроски, дипл.инж.арх.<br>број на овластување 0.0060 |
| **Назив на работното место** | Архитект-овластен планер |
| **Контакт податоци за лицето** | Адреса: ул. „Александар Македонски“ бр.75, 7500 Прилеп<br>тел. за контакт: 076437198 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/2020), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 225/20 и 219/21), |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| ДА ☒<br>НЕ ☐ |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| За конкретниот плански опфат на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН Е1.1 СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ (сообраќаен пристап од постоен катастарски пат) Е1.8 ВОДОВИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА (10(20)kv кабелски вод и ТС 250Kva) КО Плетвар Општина Прилеп нема претходна урбанистичка документација и се однесува само за таа локација. |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| Да, просторно и урбанистичко планирање |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5).** |
| Не |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
| Не |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
| Не |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |
| Со урбанистичката документација потребно е да се предвиди опфат со група на класа на намена "Е" градби од ниско градба - инфраструктури, односно основна класа на намена Е1.1 сообраќајни и патни инфраструктури и Е1.8 водови за пренос на електрична енергија кои може да се организираат на оваа површина. Проектниот опфат е со површина од 1647,33м 2 , додека должината на предвидениот кабелски вод е 71,00м. 1 |
| **Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| планирање на просторот |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| 2022-2027 год. |

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**

По истекот на пропишаниот плански период

**Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа).**

Општина Прилеп се наоѓа во централниот дел од јужното подрачје на Македонија и го зафаќа Прилепското поле кое го сочинува северниот дел од најголемата котлина Пелагонија, потоа ги зафаќа јужните падини на планината Даутица и Бабуна и падините на Селечка планина. Проектниот опфат се наоѓа на североисточниот рабен дел на Пелагониската котлина на оддалеченост од 10км. североисточно од градот Прилеп, додека оддалеченоста од регионалниот пат Прилеп - Градско изнесува 1км. На микро план концесискиот простор се наоѓа западно од селото Плетвар на растојание од околу 1км. Проектниот опфат во однос на концесискиот простор се наоѓа во југозападниот дел и е дефиниран со правоаголна форма. Парцелите (деловите од парцелите) на кој е предвиден опфатот за кој треба да се изработи Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план се наоѓаат во реонот на наоѓалиштето "Дупен Камен" кај село Плетвар во општина Прилеп. Проектниот опфат е со површина од 1647.33м2 , додека должината на предвидениот кабелски вод е 71,00м1, а новата ТС е предвидено да се постави во дел од кп 505/1.

**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

Да
Не☒

**Дали е приложена копија од целите?**

Да
Не☒

**Резиме на влијанијата врз животната средина**
(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето).

**Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ:**
Од реализација на планските содржини, во градежната фаза, се очекуваат емисии на прашина и издувни гасови поради користење на механизација и транспортни активности, како и изведување на земјени работи. Се очекува генерирање на зголемени нивоа на бучава и вибрации од градежната механизација. Изградбата на планските содржини може да има влијание врз квалитетот почвата, подземните води и повремените површински водотеци низ планскиот опфат, поради земјените активности, генерирање на санитарни отпадни води, генерирање на отпад.

| | |
|---|---|
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Изградбата на предвидените објекти во планскиот опфат се очекува да предизвикаат долгорочни позитивни влијанија од социоекономски аспект.<br>Во фазата на реализација на планските содржини, ќе се генерираат емисии од градежните активности и механизацијата и тоа во воздухот, почвата и водите. Исто така ќе се генерира зголемено количество отпад (главно градежен шут, земја, отпад од пакувања и вишок на употребени материјали), бучава, вибрации, несакани истекувања и сл. кои доколку не се соодветно управувани, може да предизвикаат негативни влијанија врз медиумите на животната средина, биолошката разновидност, пределот и здравјето на луѓето. Зголемена фреквенција на возила по сообраќајниците која може да предизвика негативни влијанија врз корисниците на патот и локалното население. Овие можни влијанија се оценуваат како сигурни и можни, локални, краткорочни, повратни/неповратни и со мал до среден интензитет.<br>Влијанијата во оперативната фаза се оценуваат како можни негативни, локални, повратни/неповратни и долгорочни влијанија, со мал до среден интензитет. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Во градежната фаза можни се незначителни кумулативни влијанија како резултат на користење на регионалниот и локалниот пат за пристап до опфатот, поточно како резултат на генерирање на емисии на прашина, издувни гасови и бучава. Сепак треба да се земе во предвид дека е мал бројот на возила кои се движат долж сообраќајниците и подрачјето не е густо населено. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Од овој проект не се очекуваат прекугранични влијанија. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи и хаварии. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Планскиот опфат за кој се изработува УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН Е1.1 СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ (сообраќаен пристап од постоен катастарски пат) Е1.8 ВОДОВИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА (10(20)kv кабелски вод и ТС 250Kva) КО Плетвар Општина Прилеп е по трасата на кабелот кој е опфатен со проектниот опфат поминува низ делови од следните катастарски парцели: КП 505/1 дел и КП 506/1 дел ко Плетвар, а додека проектниот опфат поминува низ следните катастарски парцели: КП 505/1дел, КП 506/1дел, КП 507/1дел, КП 507/2дел, КП 568 дел и КП 2911дел. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Позитивно влијание врз социо-економските развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | На предметната локација не е евидентирано културно наследство |

| | |
|---|---|
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Просторот е градежно неизградено и треба програмски да се осмисли и испланира за реални потреби. Во рамките на планксиот опфат просторт е ангажиран за инфраструктури. |
| **Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

За содржините предвидени во планскиот опфат доколку се утврди потреба , на ниво на проектна документација може да се изработува Елаборат за заштита на животната средина.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Не се очекува предвидените објекти за градење да имаат негтивно влијание вр околните објекти, доколку се спроведат сите мерки кои ќе бидат предвидени во планската документација.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој (да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).**

Имплементацијата на планскиот документ е од особена важност, бидејќи со истиот ќе се обезбеди повисока организација и инфраструктурна опременост на просторот и предвидување на мерки за подобрување на заштитата на животната средина .

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**

При спроведување на планскиот докуемент со доследно спроведување на веќе усвоениот Извештај за стратегиска оцена за влијанија врз животната средина особено на спроведување на Мониторинг планот во состав на извештајот ќе се превенираат идни еколошки проблеми во планскиот опфат. Мерките во Извештајот особено ќе се имаат во предвид при имплементирање на планот.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**
Бидејќи се работ за локација, за која не постои урбанистички план т.е. истата е лоцирана во просторен план, планскиот опфат се однесува само на предметната локација и нема претходна документација на која би можела да влијае..

| | | |
|---|---|---|
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br>Потенцијалните влијанија од предмениот плански документ не биле предмет на оцена во поранешната фаза на поднесување на други плански документи. | | |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br>Пред изградба на поединиечните проекти/објекти кои влегуваат во состав на Урбанистичкиот проект ќе се оцени потребата од изработка на Студија за оцена на влијанието на објектите врз животната среидна/Елаборат зазаштита на животната средина. | | |
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** | |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | Градоначалник на Општина Прилеп<br><br>Борче Јовчески | |
| **Датум: 13.04.2022 година**<br>**Место:** Прилеп | **М.П.** | |